1630 2
Službeni vesnik SR
Makedonije
91001 Skopje
fah 51

СЛУЖ__ __

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словеначки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 26 февруари 1988
БЕЛГРАД
БРОЈ 14 ГОД. XLIV

Цена на овој број е 1.140 динари. – Аконтацијата на претплатата за 1988 година изнесува 12.500 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

**171.**

Врз основа на член 11 точка 13 од Статутот на Интересовната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи („Службен лист СФРЈ", бр. 24/87) Собранието на Интересовната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ОСНОВИТЕ И МЕРИЛАТА ЗА РАЦИОНАЛНО КОРИСТЕЊЕ НА СТАН

1. Со оваа одлука се определуваат основите и мерилата за рационално користење на стан врз основа на кои се утврдува вишокот на станбен простор.

2. Рационалната искористеност на стан се определува според односот помеѓу бројот на корисниците на станот и бројот на собите во станот.

Под соба, во смисла на оваа одлука, се подразбира секоја просторија во станот што има најмалку 8 m², освен кујната и другите споредни простории што според Одлуката за техничките услови и нормативи за проектирање на станбени згради и станови не се сметаат како соба.

Како рационално искористен стан, во смисла на оваа одлука, се смета стан во кој бројот на собите е еднаков со бројот на корисниците на станот.

3. Носителот на станарско право кој има вишок на станбен простор, за делот од станот кој претставува вишок на станбен простор плаќа надомест за користењето на вишокот на станбениот простор.

4. Ако бројот на собите е поголем од бројот на корисниците на станот, како вишок на станбен простор се смета собата што има најмала површина, а ако вишокот на станбениот простор се состои од две или повеќе соби – собите што имаат најмала површина.

5. Бројот на собите се утврдува врз основа на податоците од договорот за користење на станот односно од решението на давателот на станот на користење, а површината на најмалата соба, ако во станот има вишок на станбен простор, се утврдува со нејзиното премерување на самото место.

6. Бројот на корисниците на станот се утврдува врз основа на писмена изјава од носителот на станарското право ако тој број е помал од бројот наведен во договорот за користење на станот. Ако бројот на корисниците на станот е поголем од бројот наведен во договорот за користење на станот, бројот на корисниците се утврдува врз основа на писмена изјава од носителот на станарското правои и пријавата на живеалиштето за корисникот на станот што не е назначен во договорот или во решението од точка 5 на оваа одлука.

При утврдувањето на бројот на корисниците на станот, во смисла на одредбата од став 1 на овој член, како корисник на стан се смета и корисникот кој поради оправдани причини (школување, специјализација и сл.) непрекинато е отсутен од станот до 12 месеци, како и ако се наоѓа на лекување или отслужување на воениот рок.

7. Стручната служба на Интересовната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи (во натамошниот текст: Стручната служба) поведува постапка за утврдување на вишокот на станбен простор по пријава на носителот на станарското право во чиј стан има поголем број соби од бројот на корисниците на станот или на иницијатива од давателот на станот на користење, органот на месната заедница, собирот на станарите, куќниот совет и станарите или по своја иницијатива.

Пријавата од став 1 на оваа точка се поднесува писмено и мора да содржи податоци за бројот на собите во станот и за бројот на корисниците на станот.

8. Носителот на станарско право е должен да поднесе пријава до Стручната служба во рок од 30 дена од денот кога во станот настанал односно престанал да постои вишок на станбен простор.

По исклучок од одредбата на став 1 од оваа точка, ако бројот на корисниците се намалил поради смрт на еден од корисниците на станот, носителот на станарското право е должен да поднесе пријава за намалувањето на бројот на корисниците на станот во рок од 12 месеци од месецот во кој настапила смртта на корисникот на станот.

Правата и обврските во поглед на плаќањето на надоместот за користење на вишокот на станбен простор односно во поглед на престанувањето на таа обврска, настануваат првиот ден на наредниот месец од денот на истекот на рокот од ст. 1 и 2 на оваа точка.

9. Стручната служба е должна во решението со кое се утврдува вишокот на станбен простор да ги означи собите што претставуваат вишок на станбен простор, да ја определи нивната површина и, сразмерно на тоа, да ја пресмета зголемената станарина што носителот на станарското право е должен да ја плаќа.

10. За вишокот на станбен простор носителот на станарско право, покрај станарина, плаќа и надомест за користењето на вишок на станбен простор, и тоа:

1) за првата соба вишок на станбен простор – 100% од делот на станарината што ѝ отпаѓа на таа соба;

2) за втората соба вишок на станбен простор – 200% од делот на станарината што ѝ отпаѓа на таа соба;

3) за третата соба вишок на станбен простор – 300% од делот на станарината што ѝ отпаѓа на таа соба;

4) за четвртата соба вишок на станбен простор – 400% од делот на станарината што ѝ отпаѓа на таа соба итн., со тоа што највисоката стапка на зголемување на надоместот се применува врз најмалите соби.

11. Носителот на станарско право може да вложи приговор на решението со кое се утврдува вишокот на станбен простор за кој се плаќа надомест за користење вишок на станбен простор во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до Извршниот одбор на Собранието на Интересовната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи.

12. На признаницата за наплата на станарината посебно се искажува износот што носителот на станарското право го плаќа на име на вишокот на станбен простор.

13. Средствата добиени од надоместот за користење на вишокот на станбен простор ќе се употребат за инвестиционо и тековно одржување на постојниот станбен фонд.

За намената и распределбата на средствата од став 1 на оваа точка одлучува Собранието на Интересовната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи на крајот од секоја деловна година, истовремено со усвојувањето на завршната сметка.

14. Носителот на станарско право кој има поголем број соби од бројот на корисниците на станот е должен во рок од 30 дена од денот на влегувањето на оваа одлука во сила да поднесе пријава за тоа до Стручната служба.

Правата и обврските од став 1 на оваа точка во поглед на плаќањето на надоместите за користење на вишок на станбен простор настануваат првиот ден на наредниот месец од денот на истекот на рокот од став 1 на оваа точка.

15. Стручната служба еднаш годишно доставува до куќните совети извештај за вишокот на станбен простор, заради споредување на состојбата во извештајот со стварната состојба.

16. Со денот на влегувањето на оваа одлука во сила престанува да важи Одлуката за мерилата за рационално користење на стан („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/79, 25/83 и 57/84).

17. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист СФРЈ".

Бр. 02/2-2683
24 декември 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на
Интересовната заедница,
**Здравко Шево**, с. р.

---

**172.**

Врз основа на член 11 точка 11 од Статутот на интересовната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи („Службен лист на СФРЈ", бр. 24/87), Собранието на Интересовната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи донесува

# ОДЛУКА

## ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ГАРАЖИТЕ И ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ГАРАЖИТЕ ВО СОСТАВ НА СТАНБЕНИОТ ФОНД НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ

1. Со оваа одлука се уредува управувањето со гаражите и користењето на гаражите во состав на станбениот фонд на сојузните органи, што служат за сместување на моторните возила на корисниците на становите.

2. Како гаражи што служат за сместување на патничките мотори возила на корисниците на становите, во смисла на оваа одлука, се подразбираат:

а) посебни простори во состав на зградите (гаража во состав на зграда или стан, гаражни места во заедничка гаража и определени гаражни места во заедничка гаража);

б) посебни објекти (гаражи во дворот на зградата или во непосредна близина на зградата) во состав на зградата или на станбените блокови односно на станбените населби, со урбанистички план или со проект наменети за гаражирање на патничките моторни возила на корисниците на становите, а што се изградени од средствата на сојузните органи.

3. Прописите за куќниот ред во станбените згради, за одржувањето на станбените згради и становите и за учеството на сопствениците на становите како посебни делови од станбените згради во општествена сопственост и во трошоците за одржување на станбената зграда и во поднесувањето на заедничките трошоци во станбената зграда, се применуваат и врз гаражите, ако со оваа одлука или со посебни прописи не е определено поинаку.

4. Врз основа на акт од носителот на правото на давање на користење на гаражи за доделување на гаража на користење, помеѓу лицето што добило гаража на користење и Интересовната заедница за станбена изградба и управување со становите за потребите на работниците и функционерите на сојузните органи (во натамошниот текст: Интересовната заедница), се склучува договор за користење на гаражата.

Договорот за користење на гаража се склучува во писмена форма и особено содржи податоци за: договорните страни, актот за доделување на гаража на користење, височината на надоместот, наменското користење на гаражата, одржувањето на гаражата, датумот од кога настанува обврската за плаќање на надомест, отказ, датумот на склучувањето на договорот за користење на гаражата, потписите на договорот и др.

Договорот за користење на гаража се склучува на неопределено време, освен ако носителот на правото на користење односно на располагање и корисникот на гаражата не се спогодат поинаку.

5. Договорот за користење на гаража може да престане со писмена спогодба или врз основа на отказ.

Отказниот рок е 30 дена и почнува да тече од првиот ден на наредниот месец по поднесувањето на отказот.

Договорот од став 1 на овој член ќе се откаже, ако корисникот ја користи гаражата противно на нејзината намена, ако гаражата му ја отстапи на друг на користење или ако заостане со плаќањето на надоместот за користење на гаражата во период подолг од три месеци и ако не ја користи гаражата непрекинато подолго од година дена.

Отказ на договорот за користење на гаражата дава Интересовната заедница, со согласност од давателот на гаражата на користење.

6. Во остварувањето на правото да управуваат со гаражите, корисниците на гаражи се должни да се грижат:

- гаражите да ги одржуваат во исправна состојба,
- и да ја одржуваат опремата и противпожарната опрема во гаражите.

7. Корисниците на гаражи можат да формираат Собир на корисниците на гаражи и Совет на корисниците на гаражи, заради одлучување за користењето и одржувањето на гаражите, како и за други прашања од заеднички интерес, на начинот како што тоа е уредено со прописите што се однесуваат на органите на управување со станбена зграда.

8. Во станбената зграда во која се формира орган на управување со гаражите, со средствата на тековното одржување што се издвојуваат од надоместот за гаражите управува Собирот на корисниците на гаражи односно Советот на корисниците на гаражи, согласно со Одлуката за издвојување на средства за тековно одржување.

9. Заради остварување на општествената самозаштита, корисниците на гаражи, во соработка со Собирот на станарите и со Куќниот совет, преземаат мерки за отстранување на опасноста од пожар, поплави и други опасности во гаражите.

10. Корисниците на гаражи: се грижат за безбедноста на гаражите и преземаат мерки за отстранување на опасноста од пожар, за спречување на провали и кражби, како и други потребни мерки; се грижат заедничките уреди и инсталации да се користат во согласност со намената; обезбедуваат почитување на куќниот ред; се грижат за уредно и ажурно водење на евиденција за корисниците на гаражите и преземаат други мерки согласно со законот.

11. Со денот на влегувањето на оваа одлука во сила престанува да важи Одлуката за управување со гаражите и за користење на гаражите во состав на станбениот фонд на сојузните органи („Службен лист на СФРЈ", бр. 12/81).

12. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист СФРЈ".

Бр. 02/2-2683/6
24 декември 1987 година
Белград

Претседател
на Собранието на
интересовната заедница,
**Здравко Шево,** с. р.

## 173.

Врз основа на член 99 став 1 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службени лист на СФРЈ", бр. 66/85, 38/86, 67/87, 43/87 и 87/87), сојузниот секретар за надворешна трговија донесува

# НАРЕДБА

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА НАРЕДБАТА ЗА НАЧИНОТ НА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИ ЗА СКЛУЧЕНИ ДОГОВОРИ ЗА НАДВОРЕШНОТРГОВСКИ ПРОМЕТ ПОДНЕСЕНИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 1987 ГОДИНА СО ПРОПИСИТЕ ЗА ИЗВОЗ И УВОЗ ШТО СЕ ПРИМЕНУВААТ ВО 1988 ГОДИНА

1. Во Наредбата за начинот на усогласување на пријави за склучени договори за надворешнотрговски промет поднесени до 31 декември 1987 година со прописите за извоз и увоз што се применуваат во 1988 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 87/87) во точка 7 бројот: „1450" се заменува со бројот: „1450КК", а на крајот на реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „а што се царинат во 1988 година".

2. Во точка 8 во одредбите под б и в зборот: „извозот", се брише.

3. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П. бр. 27002
16 февруари 1988 година
Белград

Сојузен секретар
за надворешна трговија,
**Ненад Крекиќ,** с. р.

## 174.

Врз основа на член 14 од Законот за привремено ограничување на располагањето со дел од општествените средства за потрошувачка („Службен лист на СФРЈ", бр. 75/87), Сојузниот завод за статистика утврдува

# ПРОЦЕНТ НА РАСТЕЖОТ

## НА ЧИСТИОТ ЛИЧЕН ДОХОД ПО РАБОТНИК ВО СТОПАНСТВОТО И ПРОСЕК НА ЧИСТИОТ ЛИЧЕН ДОХОД ПО РАБОТНИК ВО ГРАНКАТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКИТЕ И АВТОНОМНИТЕ ПОКРАИНИ

1. Процентот на растежот на чистиот личен доход по работник во стопанството за периодот јануари-декември 1987 година во однос на истиот период 1986 година изнесува:

| | |
|---|---|
| - СФРЈ Југославија | 105,4 |
| - СР Босна и Херцеговина | 97,3 |
| - СР Македонија | 101,5 |
| - СР Словенија | 101,3 |
| - СР Србија надвор од териториите на социјалистичките автономни покраини | 101,1 |
| - САП Војводина | 103,6 |
| - САП Косово | 94,3 |
| - СР Хрватска | 105,1 |
| - СР Црна Гора | 88,5 |

2. Просекот на чистиот личен доход по работник исплатен за периодот јануари-декември 1987 година по гранките на дејности изнесува:

МЕСЕЧНИ ПРОСЕК ВО ДИНАРИ

| ШИФРА И НАЗИВ НА ДЕЈНОСТИТЕ | | СФРЈ | СР Босна и Херцеговина | СР Црна Гора | СР Хрватска | СР Македонија | СР Словенија | СР СРБИЈА | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | Вкупно | Терит. СРС ван терит. САП | САП Косово | САП Војводина |
| 0608 | Претоварни услуги | 209375 | 130713 | 163600 | 222643 | 131334 | 286424 | 162413 | 159110 | – | 174309 |
| 0609 | ПТТ услуги | 179283 | 155285 | 124018 | 197642 | 119636 | 258285 | 165305 | 171660 | 145851 | 157376 |
| 07 | Трговија | 173181 | 140535 | 121475 | 191525 | 117443 | 277310 | 149254 | 154113 | 106984 | 149052 |
| 0701 | Трговија на мало | 155236 | 129846 | 110899 | 175888 | 102551 | 254275 | 133003 | 136038 | 102138 | 136467 |
| 0702 | Трговија на големо | 188275 | 155207 | 135511 | 206788 | 137723 | 288308 | 158421 | 158425 | 120897 | 166253 |
| 0703 | Надворешна трговија | 269215 | 227374 | 170527 | 294779 | 175682 | 358370 | 237236 | 242161 | 125332 | 222154 |
| 08 | Угостителство и туризам | 154902 | 107475 | 121940 | 178919 | 93805 | 236591 | 120056 | 126850 | 94021 | 107844 |
| 0801 | Угостителство | 150562 | 106044 | 119013 | 176053 | 93248 | 227212 | 118156 | 124534 | 92893 | 107098 |
| 0802 | Туристичко посредување | 242138 | 193193 | 175101 | 224166 | 129977 | 337599 | 191949 | 209620 | 134528 | 143774 |
| 09 | Занаетчиство | 188995 | 155287 | 153554 | 187887 | 126500 | 268746 | 164571 | 164320 | 122661 | 175841 |
| 0901 | Занаетчиски услуги и поправки | 194583 | 158630 | 156322 | 193405 | 128959 | 272876 | 171651 | 173862 | 123325 | 180134 |
| 0902 | Лични услуги | 135379 | 101784 | 105660 | 143784 | 62238 | 218056 | 108274 | 109021 | 62034 | 106238 |
| 10 | Стамбено-комунални дејности | 172912 | 143609 | 111908 | 181295 | 108986 | 278969 | 158213 | 166572 | 104232 | 149860 |
| 1001 | Уредување на населби и прост. | 180148 | 139088 | 123318 | 178536 | 96682 | 306903 | 167970 | 180439 | 73851 | 153630 |
| 1002 | Стамбена дејност | 150271 | – | – | – | – | 150271 | – | – | – | – |
| 1003 | Комунални дејности | 171619 | 144146 | 108704 | 181770 | 110781 | 273883 | 156449 | 163947 | 109002 | 149250 |
| 11 | Финансиски и други услуги | 220904 | 181713 | 146294 | 230535 | 137788 | 319522 | 193739 | 197905 | 151569 | 191688 |
| 1101 | Банкарство | 204051 | 164084 | 140543 | 197770 | 135183 | 302858 | 187910 | 197840 | 160469 | 167214 |
| 1102 | Осигурување на имоти и лица | 214127 | 154499 | 134183 | 216939 | 148702 | 323130 | 186774 | 183630 | 173370 | 194885 |
| 1103 | Услуги во областа на прометот | 223212 | 179090 | 154570 | 234823 | 135440 | 298637 | 187866 | 192757 | 137166 | 177963 |
| 1104 | Проектирање и сорд. услуги | 247343 | 205890 | 144348 | 260867 | 140480 | 354475 | 213307 | 220502 | 149407 | 200030 |
| 1105 | Геолошки истражување | 203194 | 170398 | 143588 | 267457 | 98774 | 298058 | 180216 | 150864 | 149976 | 282924 |
| 1106 | Истражувачко-развојна работа | 224974 | 196439 | 165238 | 246000 | 156979 | 349140 | 197965 | 193467 | 147723 | 230800 |
| 1109 | Деловни услуги | 221393 | 174202 | 163857 | 245410 | 152686 | 312166 | 194347 | 195916 | 133391 | 203064 |
| 12 | Образование и култура | 199107 | 156263 | 133803 | 209663 | 127832 | 339148 | 170357 | 181325 | 112711 | 173477 |
| 1201 | Образование | 189964 | 151865 | 133598 | 199118 | 127325 | 332220 | 161901 | 170265 | 110181 | 174725 |
| 1202 | Научноистражувачка дејност | 263856 | 209382 | 147896 | 257239 | 172565 | 375134 | 222830 | 223984 | 145034 | 231827 |
| 1203 | Култура, уметност и информ. | 205506 | 162121 | 134809 | 225548 | 124442 | 343961 | 181017 | 196065 | 122844 | 167437 |
| 1204 | Физичка култура и спорт | 168271 | 136465 | 116502 | 329677 | 94321 | 270494 | 140946 | 135558 | ... | 142456 |
| 13 | Здравство и соц. заштита | 183855 | 149051 | 126159 | 189112 | 135322 | 297111 | 159756 | 161585 | 125728 | 165665 |
| 1301 | Здравствена заштита | 186395 | 151333 | 126219 | 195422 | 144232 | 322170 | 163218 | 165372 | 126835 | 169985 |
| 1302 | Социјална заштита | 174185 | 133824 | 125794 | 168455 | 109080 | 251368 | 142392 | 142939 | 116246 | 145849 |
| 14 | Општес.–пол. заедници и орган. | 195855 | 154350 | 145293 | 207042 | 142137 | 331121 | 176445 | 186982 | 146386 | 162196 |
| 1401 | Органи на ОПЗ | 191389 | 151298 | 149022 | 205159 | 140890 | 328006 | 172660 | 182412 | 139707 | 159266 |
| 1402 | Самоупр. интересов. заедници | 190641 | 148231 | 131580 | 198003 | 138434 | 320016 | 167187 | 174143 | 159481 | 161250 |
| 1403 | Здруженија на ОЗТ | 265331 | 215600 | 176682 | 257283 | 160924 | 363007 | 250418 | 256458 | 181980 | 222769 |
| 1404 | Општест.–полит. организации | 219851 | 171573 | 137656 | 216689 | 154077 | 355179 | 206815 | 230253 | 188054 | 181779 |

Бр. 001-823/1
23 февруари 1988 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за статистика,
д-р **Драгутин Групковиќ**, с. р.

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во Законот за измени и дополненија на Законот за Царинската тарифа, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 81/87, се поткрале долунаведените грешки, та се дава

## ИСПРАВКА

### НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

1. Во Законот за измени и дополненија на Законот за Царинската тарифа, во правилото 5. одредба под 2) наместо бројот: „4" треба да стои бројот: „5", а наместо зборот: „материјалот" треба да стои зборот: „материјалите".

2. Во тар. број 03.03 во тар. ознака 0303.10 наместо зборот во заградата: „(Oncorhyncus spp.)" треба да стои зборот: „(Oncorhynchus spp.)".

3. Во тар. број 03.05 по тар. ознака 0305.30 во колоната 2 треба да стои тар. ознака: „0305.4".

4. Во тар. број 03.05 по тар. ознака 0305.49, пред наименувањето во колоната 2 треба да се додаде тар. ознака: „0305.5".

5. Во тар. број 03.05 по тар. ознака 0305.59, во колоната 2 пред наименувањето: „– Риби солени, но несушени и нечадени и риби во саламура:" во колоната 2 треба да стои тар. ознака 0305.6.

6. Во тар. број 07.09 во колоната 2 наместо тар. ознака 0709.50 треба да стои тар. ознака 0709.60.

7. Во тар. број 10.01 кај тар. ознака 1001.909 во колоната 3 наместо една треба да стојат три црти.

8. Во Главата 22 во забелешките за подбројот наместо зборовите: „3 bar" треба да стојат зборовите: „3 bara".

9. Во тар. број 29.33 во тар. ознака 2933.5, во колоната 3 наместо зборот: „пирамидински" треба да стои: „пиримидински".

10. Во тар. број 30.01 во тар. ознака 3001.10 во колоната 3 зборот: „органи" пред зборот: „сушени" се брише.

11. Во одделот VII, во забелешката под 1. наместо бројот: „VIII" треба да стои бројот: „VII".

12. Во Главата 39 во забелешката 2. под 4) наместо тар. број: „32.13" треба да стои: „32.12".

13. Во забелешката 4. наместо зборот: „тежина" треба да стои зборот: „маса".

14. Во ставот 2 наместо зборот: „тежина" треба да стои зборот: „маса".

15. Во забелешката кон тарифниот подброј под 1. наместо зборот: „кополиадацијa" треба да стои зборот: „кополиадицијa".

16. Во Главата 40 во забелешката 5. во одредбата под 2) под (iii) наместо зборот: „антиоксиденти" треба да стои зборот: „антиоксиданти".

17. Во Главата 48 во забелешката 8 во одредбата под 1) под (iv) наместо зборот: „ткаен" треба да стои зборот: „ткаени".

18. Во забелешките кон подброевите под 1. наместо зборот: „крафталајнер" треба да стои зборот: „крафтлајнер".

19. Во одделот XI во забелешката 2 во ставот (3) по броевите 3 и 4 треба да стои точка.

20. По одредбата 13. по текстот се додава поднасловот: „Забелешка кон тарифните подброеви".

21. Во Главата 54 во забелешките пред текстот треба да стои бројот: „1.".

22. Во тар. број 55.14 во тар. ознака 5514.4 во колоната 4 царинската стапка се брише.

23. Во тар. број 55.15 во тар. ознака 5515.9 во колоната 4 царинската стапка се брише.

24. Во тар. број 55.16 во тар. ознака 5516.1 во колоната 3 наместо зборот: „тежина" треба да стои зборот: „маса", а во колоната 4 царинската стапка се брише.

25. Во Главата 57 по насловот наместо зборот: „Забелешка" треба да стои зборот: „Забелешки".

26. Во тар. број 57.02 и во тар. ознака 5702.10 во колоната 3 наместо зборот: „шумакс" треба да стои зборот: „шумак".

27. Во тар. број 58.05 во колоната 3 наместо зборовите: „фландриски боби" треба да стојат зборовите: „фландриски бови".

28. Во тар. број 61.02 на крајот од текстот треба да стојат две точки а во колоната 4 се брише царинската стапка.

29. Во тар. број 69.02 во тар. ознака 6902.202 во колоната 3 наместо зборовите: „високо-алуминозни" треба да стои зборот: „високоалуминозни".

30. Во тар. број 70.05 во тар. ознака 7005.291 во колоната 3 наместо зборот: „флорат" треба да стои зборот: „флоат".

31. Во тар. број 71.06 во колоната 3 наместо зборот: „платирано" треба да стои зборот: „платинирано".

32. Во тар. број 71.15 во тар. ознака 7115.909 во колоната 4 треба да стои царинската стапка: „20".

33. Во Главата 72 во забелешката 2. наместо зборот: „тежина" треба да стои зборот: „маса".

34. Во забелешките кон тарифните подброеви во забелешката 1. под 1) наместо зборот: „тежина" треба да стои зборот: „маса", а во одредбата под 2) на крајот на текстот наместо точка и запирка треба да стои точка.

35. Во тар. ознака 7211.301 во колоната 3 пред бројот: „1220" треба да стои ознаката: „Ч".

36. Во тар. број 72.25 во колоната 3 наместо зборот: „повеќе" треба да стои зборот: „поголема".

36. Во Главата 74 во забелешките кон тарифните подброеви, во забелешката 1. во одредбата под 1) во алинеја прва наместо зборот: „тежина" треба да стои зборот: „маса".

37. Во тар. број 74.19 во тар. ознака 7419.991 во колоната 3 наместо зборот: „лит" треба да стои ознаката: „l".

38. Во тар. број 82.01 во тар. ознака 8201.50 во колоната 3 наместо зборот: „жица" треба да стои зборот: „живина".

39. Во тар. број 82.10 во колоната 3 наместо зборот: „1 kg" треба да стои зборот: „10 kg".

40. Во тар. број 84.09 во тар. ознака 8409.99 наместо зборот: „– Други" треба да стои: „– – други".

41. Во тар. број 84.46 во тар. ознака 8446.2 по зборовите: „од 30 cm" треба да стои запирка.

42. Во тар. број 85.44 во тар. ознака 8544.60 во колоната 3 наместо зборовите: „100 V" треба да стојат зборовите: „1000 V".

43. Во тар. број 90.27 во тар. ознака 9027.20 во колоната 3 наместо зборот: „хидроматографи" треба да стои зборот: „хроматографи".

44. Во Главата 94 во забелешката 3 во одредбата под (1) наместо зборот: „друг" треба да стои зборот: „скапоцен".

45. Во тар. број 94.03 во тар. ознака 9403.10 во колоната 4 наместо царинската стапка: „20" треба да стои царинската стапка: „16".

Од Службата за законодавство на Собранието на СФРЈ, Белград, 24 февруари 1988 година.

---

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Одлуката за распоредување на стоките на формите на извозот и увозот објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 82/87 се поткрадоа грешки, та да се дава

## ИСПРАВКА
### НА СПИСОКОТ НА СТОКИТЕ СО ФОРМИ НА ИЗВОЗОТ И УВОЗОТ

1) Во тар. ознаката 0106.009 во колоната 7 наместо кратенката: „ЛБ" треба да стои: „ЛБО";

2) Во тар. ознаката 0302.21 во колоната 3 наместо зборовите „stegolepis" треба да стои зборот: „stenolepis";

3) Во тар. ознаката 0401.20 во колоната 7 наместо кратенката: „ЛБО" треба да стои: „КК";

4) Во тар. ознаката 0404.90 во колоната 7 наместо кратенката: „КК" треба да стои: „ЛБО";

5) Во тар. ознаката 0802.90 во колоната 6 треба да стои по грешка изоставената кратенка: „ЛБ", а во колоната 7 кратенката: „ЛБО";

6) Во тар. ознаката 1004.009 во колоната 7 наместо кратенката: „ЛБО" треба да стои: „ЛБОС";

7) Во тар. ознаките 1202.10 и 1202.20 во колоната 7 наместо кратенката: „ЛБС" треба да стоји кратенката: „ЛБОС";:

8) Во тар. ознаката 1211.909 во колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката „Д" треба да стои: „ЛБО";

9) Во тар. ознаката 1301.90 во колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБО";

10) Во тар. ознаката 1302.19 во колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои кратенката ЛБ , а во колоната 7 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБО";

11) Во тар. ознаката 1404.20 во колоната 7 наместо кратенката: „ЛБО" треба да стои кратенката: „ЛБС";

12) Во тар. ознаката 1511.10 во колоната 7 наместо кратенката: „ЛБОС" треба да стои: „ЛБС";

13) Во тар. ознаката 1511.90 во колоната 7 наместо кратенката: „ЛБОС" треба да стои: „ЛБС";

14) Во тар. ознаката 1602.90 во колоната 7 наместо кратенката: „КК" треба да стои кратенката: „ЛБО";

15) Во тар. ознаката 2711.199 во колоната 6, наместо кратенката: „ЛБ" треба да стои: „КК";

16) Во тар. број 28.17, во колоната 5, наместо бројот: „281700005 треба да стои: „28.1700006";

17) Во тар. ознаката 2905.29 во колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБО";

18) Во тар. ознаката 2905.50 во колона 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБО";

19) Во тар. ознаката 2921.491 во колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои кратенката: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката: „Д" треба да стои кратенката: „ЛБ";

20) Во тар. ознаката 2921.499 во колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои кратенката: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБО";

21) Во тар. ознаката 2922.19 во колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБО";

22) Во тар. ознаката 2922.30 во колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБО";

23) Во тар. ознаката 2922.499 воколоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ";

24) Во тар. ознаката 2922.5019 во колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ", а во колоната 7 намесо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБО";

25) Во тар. ознаката 2924.109 во колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБО";

26) Во тар. ознаката 2924.299 во колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ";

27) Во тар. ознаката 2925.19 во колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБО";

28) Во тар. ознаката 29 26.909 на колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБО";

29) Во тар. ознаката 2931.003 во колоната 7 наместо кратенката: „ЛБО" треба да стои: „ЛБ";

30) Во тар. ознаката 2932.90 во колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ";

31) Во тар. ознаката 2933.19 во колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБО";

32) Во тар. ознаката 2933.21 во колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ";

33) Во тар. ознаката 2933.39 во колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ";

34) Во тар. ознаката 2933.40 во колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБО";

35) Во тар. ознаката 2933.5 во колоната 3 наместо зборот: „пирамидински" треба да стои зборот: „пиримидински";

36) Во тар. ознаката 2933.90 во колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката „Д" треба да стои: „ЛБ";

37) Во тар. ознаката 2939.909 во колоната 6 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката: „Д" треба да стои: „ЛБ";

38) Во тар. ознаката 4002.193 во колоната 5, наместо бројот: „400219206" треба да стои: „400219303";

39) Во тар. ознаката 4002.194 во колоната 5, наместо бројот: „400219303" треба да стои: „400219400";

40) Во тар. ознаката 4002.195 во колоната 5 наместо бројот: „400219400" треба да стои: „400219508";

41) Во тар. ознаката 4002.196 во колоната 5, наместо бројот: „400219508" треба да стои: „400219605";

42) Во тар. број 44.01 во колоната 3 во наименувањето, прв ред, наместо зборот: „форми" треба да стои зборот: „облици";

43) Во тар. бројот 53.03 во колоната 3, во вториот ред треба да се избрише зборот: „или".

44) Во тар. ознаката 5309.2 во колоната 3 на крајот од текстот треба да стојат две точки;

45) Во тар. ознаката 5403.31 во колоната 6 наместо кратенката: „ЛБ" треба да стои: „КК", а во колоната 7 наместо кратенката: „ЛБО" треба да стои: „КК";

46) Во тар. ознакта 5403.32 во колоната 6 наместо кратенката: „КК" треба да стои: „ЛБ", а во колоната 7 наместо кратенката: „КК", треба да стои: „ЛБО";

47) Во тар. ознаката 5501.901 во колоните 6 и 7 недостигаат кратенките: „КК";

48) Во тар. ознаката 5506.109 во колоната 5 наместо бројот: „550610900" треба да стои: „550610906";

49) Во тар. ознаката 5509.1 во колоната 3 наместо зборот: „тежина", треба да стои зборот: „маса";

50) во тар. ознаката 5516.1 во колоната 3, во вториот ред, наместо зборот: „тежина" треба да стои зборот: „маса";

51) Во тар. ознаката 5602.90 во колоната 7 наместо кратенката: „КВ" треба да стои кратенката: „ЛБО";

52) Во тар. број 5702 и во тар. ознаката 5702.10 во колоната 3, наместо зборот: „шумакс" треба да стои зборот: „шумак";

53) Во тар. број 68.08 во колоната 5 наместо бројот: „680800000" треба да стои: „680800006";

54) Во тар. ознаката 7011. 20 во колоната 7 наместо кратенката: „ЛБО" треба да стои: „ЛБ";

55) Во тар. број 71.06 во колоната 3 наместо зборот: „платирано" треба да стои: „платинирано";

56) Во тар. ознаката 7108.20 во колоните 6 и 7 треба да се изостават по грешка внесените кратенки: „Д";

57) Во тар. ознаката 7118.90 во колоните 6 и 7 треба да се изостават по грешка внесените кратенки: „Д";

58) Во тар. ознаката 7211.301 во колоната 3 пред бројот „1220" треба да стои: „Č-";

59) Во тар. ознаката 7419.991 во колоната 3 во вториот ред наместо зборот: „Лит" треба да стои „l";

60) Во тар. ознаката 8201.50 во колоната 3 во последниот ред наместо зборот: „жица" треба да стои зборот: „живина";

61) Во тар. број 82.10 во колоната 3 во вториот ред наместо ознаката: „1 kg" треба да стои: „10 kg";

62) Во тар. ознаката 8423.909 во колоната 7 наместо кратенката: „ЛБО" треба да стои: „ЛБО**";

63) Во тар. број 84.53 во колоната 3 наместо зборот: „машини" треба да стои зборот: „машина";

64) Во тар. ознаката 8467.91 во колоната 5 наместо бројот 84 67 91000 треба да стои: „84 67 91003";

65) Во тар. ознаката 8483.20 во колоната 7 наместо кратенката: „ЛБО" треба да стои кратенката: „КК";

66) Во тар. ознаката 8483.309 во колоната 7 наместо кратенката: „ЛБО" треба да стои: „КК";

67) Во тар. ознаката 8483.40 во колоната 7 наместо кратенката „КК" треба да стои: „ЛБО";

68) Во тар. ознаката 8501.40 во колоната 7 наместо кратенката „ЛБО" треба да стои: „КВ";

69) Во тар. ознаката 8522.90 во колоната 5 наместо бројот: „85 22 90009" треба да стои: „85 22 90005";

70) Во тар. ознаката 8526.10 во колоната 5 наместо бројот: „85 26 10000" треба да стои: „85 26 10018";

71) Во тар. ознаката 8540.91 во колоната 7 наместо кратенката: „ЛБО" треба да стои кратенката: „ЛБ";

72) Во тар. ознаката 8544.60 во колоната 3 во вториот ред наместо ознаката: „100 V", треба да стои: „1000 V";

73) Во тар. ознаките 8704.21, 8704.22, 8704.23, 8704.31 и 8704.32 во колоната 3 наместо зборот: „тежина" треба да стои: „маса";

74) Во тар. ознаката 8708.101 во колоната 5 наместо бројот: „87 08 10106" треба да стои: „87 08 10105";

75) Во тар. ознаката 8906.009 во колоната 6 наместо ознаката „Д" треба да стои: „ЛБ";

76) Во тар. ознаката 9016.00 во колоната 4 треба да се внесе по грешка изоставената кратенка за единица мера: „парч.";

77) Во тар. ознаката 9018.31 во колоната 7 наместо кратенката: „ЛБ**" треба да стои: „ЛБ***";

78) Во тар. ознаките 9018.49, 9018.50, 9022.19, 9022.291, 9022.299, 9022.90, во колоната 7 наместо кратенките: „ЛБ*" треба да стојат кратенките: „ЛБО";

79) Во тар. ознаките 9021.901 и 9021.909 во колоната 7 наместо кратенката: „ЛБ" треба да стои: „ЛБ";

80) Во тар. ознаката 9022.30 во колоната 5 наместо бројот: „90 22 30017" треба да стои: „90 22 30018";

81) Во тар. ознаката 9027.20 во колоната 3 наместо зборот: „хидроматографи" треба да стои зборот: „Хроматографи";

82) Во тар. ознаките 9029.101, 9029.102 и 9029.109 во колоната 6 треба да стојат по грешка изоставените кратенки: „ЛБ";

83) Во тар. ознаките 9029.201, 9029.202, 9029.209, 9030.401, 9030.409 и 9031.209 во колоната 7 по кратенката: „ЛБО" треба да стојат по грешка изоставените по две ѕвездички;

84) Во тар. ознака 9104.00 во колоната 5 наместо бројот: „91 04 00005" треба да стои: „91 04 00002";

85) Во тар. ознака 9616.10 во колоната 5 наместо бројот: „96 16 10117" треба да стои: „96 16 10001".

Од Сојузниот комитет за законодавство, Белград, 20 јануари 1988 година

# УКАЗИ

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

## УКАЗ

### ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО КРАЛСТВОТО ШВЕДСКА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО КРАЛСТВОТО ШВЕДСКА

I

Се отповикува

Марјан Осолник од должноста изворнеден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федератвна Република Југославија во Кралството Шведска.

II

Се назначува

Златан Кикиќ, досегашен началник на Управата за соседните земји – ополномоштен министер во Сојузниот секретаријат за надворешни работи, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социалистичка Федеративна Република Југославија во Кралството Шведска.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 3
20 јануари 1988 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Лазар Мојсов, с. р.**

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

## УКАЗ

### ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ВЕЛИКО ВОЈВОДСТВО ЛУКСЕМБУРГ И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО ВЕЛИКО ВОЈВОДСТВО ЛУКСЕМБУРГ

I

Се отповикува

Гавро Поповиќ од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Велико Војводство Луксембург со седиште во Брисел.

II

Се назначува

Кузман Димчевски, извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Кралството Белгија, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Велико Војводство Луксембург со седиште во Брисел.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш

У. бр. 4
20 јануари 1988 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Лазар Мојсов, с. р.**

Врз основа на член 315 точка 5 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија донесува

## УКАЗ

### ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТА ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ИРАК И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО РЕПУБЛИКА ИРАК

I

Се отповикува

Џевад Муезиновиќ од должноста извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Ирак.

II

Се назначува

Стојан Андов, досегашен делегат во Соборот на републиките и покраините на Собранието на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и претседател на Одборот за општествен план и развој, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Република Ирак.

III

Сојузниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 6
28 јануари 1988 година
Белград

Претседател
на Претседателството на
СФРЈ,
**Лазар Мојсов, с. р.**

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

– врз основа на член 315 точка 8 од Уставов на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се

одликуваат:

Од СР Србија

– за заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува кон општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО БРОНЗЕН ВЕНЕЦ

Черне Јанеза Јожеф, Ђоројевић Бошка Миле, Димитров-Зрнић Петра Јелена, Добричић Чедомира Живојин, Ђукић Васе Крсто, Ђурић Ђорђа Радован, Глушац Риста Миливоје, Јаневски Илије Трајко, Јањић Алексе Тома, Ковић Живана Ратомир, Крчар Николе Мирко, Крсмановић Владе Душан, Кубет-Вуковић Васе Станка, Мајсторовић Павла Мирослав, Маријан Милана Душко, Маркишић Луке Петар, Миливојевић Милутина Богдан, Мишковић Драгојла Станко, Митровић Ђорђа Цвијетин, Пејовић Мила Јован, Петровић Живадина Војислав, Спаловић Драгутина Светозар, Стоиљковић Милована Владета, Вукоје Ристо Неђељко, Вуковић Војина Благоје, Зечевић Владе Оливера, Зјајић Мирка Анђелко;

– за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Ђуришић Радоја Данило, Кљајић-Ђурић Јове Босиљка, Прокић Драгутина др Богољуб;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

